СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1868/2022

Дата 18-10-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врски, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино.**

Должината на планската траса изнесува 5,54 km.

Трасата на предвидената обиколница минува низ втора заштитна зона(зона на санитарно ограничување) и третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на регионот за заштитнитр зони на изворот Рашче.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y27821** се составен дел на Решението.

3. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Донесувачот на планската документација е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишана со Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/14, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18).

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на регионот за заштитнитр зони на изворот Рашче.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерство за транспорт и врски, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 38465 од 29.09.2021 година до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино. Должината на планската траса изнесува 5,54 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1868/2022 од 27.09.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино,** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР**
**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**Nebi Rexhepi**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk